**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# С Т Р А Т Е Ш К И  П Л А Н
## НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ
2017 - 2019

Скопје, февруари 2017 година

# 1.СТРАТЕШКИ ПЛАН НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ ВО ПЕРИОД 2017-2019

## 1.1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Министерството за финансии за периодот 2017-2019 година претставува повеќенаменски документ, кој ги одразува целите и приоритетите како и реформските процеси во областите за кои е надлежно Министерството за период од три години, целосно усогласени со Програмата на Владата на Република Македонија, Стратешките приоритети и НПАА програмата. Во согласност со интегралниот процес на планирање и буџетирање, овој Стратешки план е придружен документ на Буџетот на Министерството за финансии.

Истовремено во Стратешкиот план на Министерството за финансии се содржани и целите и задачите на организациските единици и на Министерството во целина, активностите за остварување на тие цели, ефектите и резултатите кои се очекуваат и човечките и финансиските ресурси за нивно остварување. Реализацијата на целите и задачите е дадена по носители и рокови за нивно извршување.

Во овие рамки, покрај редовните активности, е ставен акцент и на продолжување на реформите на полето на јавните финансии, управувањето со трезорот, даночната и царинската политика, управувањето со јавниот долг, финансискиот сектор, јавните набавки, внатрешната ревизија и контролата како и во справувањето со организираниот криминал, корупцијата и перењето пари.

Реализацијата на активностите е презентирана и со реформските зафати и другите обврски сврзани со евроатлантските интеграциски процеси, имплементацијата на ИПА фондовите, реализацијата на активностите сврзани со фискалната децентрализација и финансирањето на локалната самоуправа, а во тие рамки и обврските кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор.

## 1.2. ЦЕЛ (МИСИЈА) НА МИНИСТЕРСТВОТО

Ефикасното управување со јавните финансии и нивна етапна консолидација на среден рок и одржлива макроекономска политика во функција на обезбедување на стабилна фискална позиција е основен приоритет на Министерството за финансии во услови на непредвидливо и турбулентно окружување.

## 1.3. ВИЗИЈА

Континуирана цел кон чија реализација се стреми Министерството за финансии е одржување на стабилни јавни финансии, кои ќе обезбедат стабилен национален економски развој и функционална пазарна економија, кои ќе придонесат за подигнување на квалитетот на живеење на граѓаните во Република Македонија .

### 1.4. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Министерството за финасии ги врши работите кои се однесуваат на:
--Креирање и следење на остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори, анализа на деловната клима и мерки за нејзино континуирано унапредување, како и координација на процесот на подготовка на Програмата за економски реформи ;
- Креирање на фискалната политика, управување со јавните финансии, унапредување на буџетскиот процес, подготвување и извршување на Буџетот и завршната сметка на Буџетот на Република Македонија, како и подготовка на среднорочни фискални проекции, анализа и следење на буџетските приходи и расходи на централно и локално ниво и следење на јавните инвестиции и капиталните расходи;
- Управување со трезорската сметка и другите сметки на државата, следење на наплатата на јавните приходи и расходи на централно и локално ниво, нивна распределба по корисници и единиците на локална самоуправа, како и подготовка на проекции за ликвидноста на трезорската сметка;
- Ефикасно користење на ЕУ претпристапната помош, воспоставување на ефикасен систем на контроли во распределбата на средствата од ИПА фондови;
- Креирање на даночна и царинска политика во функција на зголемување на конкурентноста на националната економија и водење преговори за склучување на договорите за заштита на инвестиции и договорите за одбегнување на двојно оданочување и за заштита од фискална евазија;
-Одржување на стабилен финансиски систем преку изготвување на регулатива од областа на банкарскиот систем и небанкарските финансиски институции, пазарот на капитал, системот на осигурување, сметководствениот систем, ревизијата и платниот промет, финансискиот лизинг, игрите на среќа и забавните игри;
- Ефикасно управување со јавниот долг на Република Македонија преку обезбедување средства за финансирање на Буџетот на државата со најнизок можен трошок, на среден и долг рок и со одржливо ниво на ризик и издавање државни гаранции на начин кој одговара на прудентно ниво на ризик, одржување ефикасен и ликвиден пазар на државни хартии од вредност и редовно сервисирање на обврските по основ на јавниот долг;
- Одлучување по наплата на побарувања пренесени по законски основи во Министерството за финансии, наплата на побарувања генерирани од Компензациони фондови и наплата на побарувања по основ на јавен долг;
- Хармонизација и унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола и воспоставување функционално независна внатрешна ревизија во согласност со меѓународните стандарди и најдобрите практики на ЕУ и спроведување на внатрешна финансиска контрола во Министерството и во другите органи, спроведување на внатрешна ревизија во Министерството и органот во состав на Министерството без својство на правно лице, како и спроведување на надзор врз управувањето со јавните средства, со цел заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор;
-Јакнење на системот на јавни набавки и системот на борба против организираниот криминал, корупцијата и перењето на пари во функција на јакнење на правната држава и владеењето на правото;
-Координација на соработката со меѓународните финансиски институции и непосредно учество во преговорите со ММФ и со Светската банка за аранжманите кои се поддршка на имплементацијата на структурните реформи за економски развој, како и со Европската банка за обнова и развој, Европската инвестициска банка, Банката за развој при Советот на Европа и билатералните финансиски институции во однос на утврдување на најповолен начин за финансирање на проектите.
-Министерството го координира и надгледува спроведувањето на политиките и во работата на: Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција, Бирото за јавни набавки и Државниот девизен

инспекторат, како органи со својство на правно лице, како и на Управата за имотно-правни работи, како орган во состав на Министерството за финансии.

### 1.5. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Специфичностите на Министерството за финансии се тесно врзани со подготовката на стратешките документи како ; Фискална стратегија заедно со макроекономската политика и политиката на јавен долг, подготовка на Буџетот и Програмата за економски реформи, кои ги дефинираат основните насоки и политики на државата и останатите државни органи. Истовремено, Министерството за финансии во рамките на своите надлежности, обезбедува контрола и надзор врз финансиското и наменското користење на средствата и го координира исполнувањето на обврските кои произлегуваат од НПАА и другите стратешки документи за европска интеграција.
Во Министерството за финансии се воспоставени главните структури за децентрализирано / индиректно управување со средствата од ЕУ-ИПА (Надлежен координатор за акредитација, Националниот координатор за авторизација и Програмскиот службеник за авторизација/раководител на оперативната структура), кои што ја преземаат крајната одговорност за ефикасно и ефективно финансиско управување со средствата од претпристапните фондови од ЕУ – ИПА, согласно овластувањата кои произлегуваат од договорите склучени помеѓу Владата на Република Македонија и Европската комисија.
Специфичностите на Министерството за финансии произлегуваат и од законските овластувања во делот на јавните набавки, спроведувањето на надзор и контрола при управувањето на јавните средства, како и во борбата против организираниот криминал, корупцијата, спречување на перењето пари и финансирање на тероризам.

## Органограм на Министерството за финансии



## 1.7. ПОДДРШКА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВЛАДИНИТЕ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ:

Министерството за финансии во рамките на своите законски надлежности превзема мерки и активности кои придонесуваат за реализација на одредени стратшки приоритети

➢ *Обезбедување на одржлив економски раст, зголемување на вработеноста и подобрување на животниот стандард:*

Преку одржување на макроекономска стабилност, обезбедување на долгорочна фискална оддржливост, подобрување на бизнис климата, позасилена наплата на изворните приходи и другите приливи, поефикасно користење на буџетските средства во развојни програми и инфраструктурни инвестиции, обезбедување на рационално и наменско користење на приходите, спроведување даночна и царинска политика во функција на поддршка на граѓаните и економските субјекти, ќе се обезбеди одржлив економски раст и подобрување на животниот стандард на населението.

➢ *Одговорно управување со јавните финансии:*

Преку одржување на умерено ниво на буџетски дефицит и управување со јавниот долг и минимизирање на трошоците со одржливо ниво на ризик, како и зајакнување на внатрешната финансиска контрола преку воспоставување на децентрализиран систем на управување со финансиите, ќе се обезбеди одговорно управување со јавните финансии, зголемување на ефикасноста во наменското трошење и ќе се подобри квалитетот на јавните финансии.

➢ *Спроведување на процесот на фискална децентрализација во рамките на целосно воспоставената законска и институционална рамка на локалната самоуправа со развиени, одговорни и функционални општини:*

Остварување на сеопфатен и одржлив фискален локален развој како основен предуслов за создавање на економски појаки и развојно ориентирани единици на локалната самоуправа;

➢ *Зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот на Република Македонија:*

Преку обезбедување на сигурно финансиско управување со средствата од ИПА 1 и ИПА 2, унапредување на ефективен и ефикасен систем на внатрешна контрола и прилагодување на системот за индиректно управување со средствата од ИПА 2 ќе се зајакнат капацитетите во преговорите со ЕУ и користстењето на претпристапните фондови на ЕУ.

➢ *Силна поддршка на борбата против организираниот криминал, корупцијата и перењето пари, со создавање на поголеми структури во функција на владеењето на правото;*

➢ *Јакнење на ефикасноста и транспарентноста во работењето и развивање на систематски пристап за едукација и стручно надградување на вработените преку континуиран процес на обука.*

## 1.8. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2015 ГОДИНА

Во 2015 година Министерството за финансии во рамките на своите надлежности своите активности и мерки ги насочи кон реализирање на стабилна макроекономска политика (остварен е повисок пораст на БДП од 3,7%), рестриктивна фискална политика (остварено е умерено ниско ниво на буџетски дефицит (3,5% од БДП) и умерено ниво на јавен долг, што придонесе за одржување на стабилна фискална позиција на земјата.
Поаѓајќи од законски утврдените надлежности и организационата поставеност, подготвени се повеќе закони и подзаконски акти во функција на реализација на поставените цели и надлежности на министерството.

1.Во областа на **јавните финансии** донесен е Буџетот на Република Македонија за 2016 година и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година многу порано од утврдениот законски рок, а во текот на годината се усвоија и Измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2015 година и Завршна сметка на Буџетот на Р.М. за 2014 година.

2. Во областа на **финансикиот систем** донесени се повеќе измени на законски решенија во функција на натамошно зајакнување на финансискиот систем и системот на осигурување и тоа: Закони за измена и дополнување на Закон за Фондот за осигурување на депозити, Закон за банките, Закон за девизно работење, Закон за лизинг; Закон за чек; Закон за меница; Закон за Народната банка, Закон за финансиски друштва, Закон за вршење на сметководствените работи, Закон за ревизија, Закон за сметководството за непрофитните организации, Закон за државната ревизија, Закон за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА), Закон за платниот промет, Закон за хартии од вредност, Закон за преземање на акционерските друштва, Закон за инвестициски фондови, Закон за Централен регистар, Закон за брз трансфер на пари, Закон за Фондот за осигурување на депозити, Закон за давање на финансиски услуги на далечина; Закон за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација, Закон за супервизија на осигурување, Закон за задолжително осигурување во сообраќајот, Закон за игрите на среќа и за забавните игри, Закон за финансиска дисциплина.

Со определени подзаконски акти доуредени се надлежностите во областа на финансискиот систем, (Одлука за Четиринаеста емисија на обврзници за денационализација, Одлука за внесување и изнесување на ефективни странски пари и чекови кои резидентите и нерезидентите ги внесуваат или изнесуваат од Република Македонија и др);

3. Во областа на **меѓународните финансиски односи и управувањето со јавниот долг** обезбедени се средства за продолжување на започнатите продуктивни инфраструктурни проекти во функција на повисок економски раст и тоа: Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем за Проектот за изградба и модернизација на клиничкиот центар Мајка Тереза во Скопје и регионалната клиничка болница во Штип, Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската Банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 -делница Куманово - Бељаковце , Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската Банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце-Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на

Коридор VIII, фаза 2, Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договорот за заем за вториот проект за подобрување на општинските услуги, Закон за задолжување по договор за заем за финансирање на проектот Гасификација на Р.М со Дојче банка, како и Закони за дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за национални патишт меѓу Европската банка за обнова и развој и ЈП државни патишта, Закон за гаранција по Договорот за заем за Проектот „Набавка на нови влечни и влечени средства во МЖ Транспорт АД-Скопје"склучен меѓу Европската банка за обнова и развој и МЖ Транспорт АД-Скопје, по Договорот за заем за финансирање на Проектот „Топлификација на општина Битола",меѓу KfW банката и АД ЕЛЕМ; по Договорот за заем за финансирање на Проектот за рехабилитација на магистралните и регионалните патишта, меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и ЈП за државни патишта и др;

Со определени подзаконски акти доуредени се надлежностите во областа на управувањето со јавниот долг, ( Одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност во 2016 година, Одлука за максимален износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал - еврообврзница на Република Македонија и др).

,

4. Во областа на **даночната и царинската политика** донесени се повеќе закони во функција на зајакнување на даночниот и царинскиот систем и негово усогласување со законодавството на ЕУ и тоа: Закони за изменување и дополнување на Закон за даночна постапка, Закон за даноците на имот, Закон за административни такси, Закон за комунални такси, Закон за Царинската управа, Закон за Царинската тарифа, Царинскиот закон, Закон за вршење на работи за застапување во царинските постапки, Закон за данокот на додадена вредност Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување, Закон за данокот на добивка, Закон за персоналниот данок на доход, Закон за Управата за јавни приходи.

Со определени подзаконски акти, доуредени се надлежностите во областа на даночната и царинската политика (Уредба за критериумите, начинот и постапката за давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на процена на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар од стварите што ги користат државните органи и институциите основани од државата, Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на европската комисија, Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, Уредба за минималните стандарди за материјално – техничките средства, опрема и просторно сместување, според категоризацијата на граничните премини, Уредба за изменување и дополнување на уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при постапки на увоз, извоз и транзит, Правилник за изменување и дополнување за спроведување на Законот за акцизите Правилник за висината на сопствен приход на Царинската управа кој се остварува по основ на давање на стручна помош за примена на царинските прописи преку организирање семинари и јавни трибини со право на надомест; Правилник за изменување на Правилникот за спроведување на законот за данок на додадена вредност, Правилник за формата и содржината на извештајот за пресметка на данок на додадена вредност во постапка на присилна наплата и присилно извршување, во случаите кога доверителот е стекнувач на доброто.

5.Во областа на **јавна внатрешна финансиска контрола, финансиска инспекција во јавниот сектор и внатрешна ревизија** донесени се: Закон за изменување и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор, а со определени подзаконски акти, доуредени се надлежностите во областа на јавна внатрешна финансиска контрола (Правилник за начинот на спроведување внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет, преземање финансиски обврски и извршување плаќања.)

6.Во областа на регулирање на **имотно правните односи** донесени се измени и дополнувања на Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост и Закон за користење и располагање со стварите во државна и општинска сопственост.

***Министерството за финансии во овој период ги подготви и следните материјали, и документи***

Подготвени се повеќе стратешки документи со цел навремено креирање и дефинирање на политиките за кои е надлежно Министерството за финансии и тоа: Фискална стратегија на Република Македонија за 2016-2018 година, Програма за економски реформи (2015-2017); НПАА 2015, Завршна сметка на Буџетот на РМ за 2014 година, Стратешки план на Министерство за финансии за периодот 2016-2018 година, Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола во Република Македонија за периодот 2015 – 2017 година; Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Македонија за 2014 година и др;
Во функција на навремена подготовка на овие матерјали подготвени се: Буџетски циркулар за 2016 година за буџетските корисници и општините; активности за реализирање на Спроведување на Проектот „Купи куќа, купи стан, Објавен е јавен повик за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит, Предлог мерки за подобрување на деловната клима согласно препораките на извештајот Doing Business 2016 на Светската банка. Воедно, подготвени се Предлог иницијативи од Министерството за финансии за Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2016 година и Информација за остварени резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2014 година.
Во последниот квартал во 2015 година склучен е твининг договор за реализација на проектот Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефикасно управување со јавните финансии, финансиран во рамки на ИПА 2011, со цел зајакнување на капацитетите на министерството во унапредувањето на буџетскиот процес, ревидирање на програмска класификација, развој на среднорочно буџетско планирање и подготовка на среднорочна буџетска рамка, како и известување по ЕСА методологија.
Истовремено склучен е рамковен договор за услуги за реализација на проектот Имплементација на Проценка на јавните расходи и финансиската отчетност – ПЕФА 2015, финансиран во рамки на ИПА 2012 и изработен е Нацрт секторски плански документ за секторска буџетска поддршка за управување со јавни финансии во рамки на ИПА 2;

Врз основа на доставено барање од Министерството за финансии, одобрени се средства од ИПА 2011 за финансирање на консултант за проектот “Развој на предлози за имплементација на современ интегриран информациски систем за управување со јавните финансии”;

Во областа на финансискиот систем подготвени се: Анализа за можноста за издавање на обврзници обезбедени со залог на имот; Информација со предлог решение за изменување и дополнување на Законот за кредитно биро каде ќе се создаде основ кредитното биро во Република Македонија да обезбедува услуги за изготвување на кредитна оценка (кредит скор) за кредитобарателите и анализа за подготовка на предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за кредитно биро, подготвено е твининг проектно фише за проектот на Министерството за финансии, Сектор за финансиски систем - осигурување, во рамки на ИПА 2012;

Во областа на финансиската контрола изготвени се: Насоки за начинот на спроведување на процесот на управување со ризици и Стратегијата за управување со ризици како и пример на Стратегијата за управување со ризици за министерство, Стратешки план за извршување на внатрешна ревизија за период од 2016 до 2018 година и Извештаи за спроведени внатрешни ревизии согласно Годишниот план за 2015 година.

Во областа на управувањето со Европските фондови подготвени се :

- Годишни изјави за гаранција за функционирање на системот на управување и контрола во рамки на децентрализираното спроведување на ИПА (ДИС) за ИПА Компонентите I, III, IV и V за 2015 година;
- Доставени се редовни апликации за средства до Европската комисија, врз база на направени трошоци во рамките на I, III, IV и V ИПА компонента;
- Подготвени се акциски планови за отстранување на недостатоците, согласно наодите на ревизорското тело на ИПА компонентите I, III, IV и V;
- Одржани се ревизорски мисии од страна на Европската комисија како и одржани технички состаноци во Брисел;
- Годишни декларации за сметките за ИПА компонентите I, III, IV и V;
- Ревидирани се внатрешните постапки за работа за управување со ИПА средствата и истите се доставени до Европска комисија;
- Проценка на пакетот на внатрешни постапки за работа и дополнителни компоненти за мерката 301 во рамки на ИПАРД Програмата;
- Добиена е акредитација од Европска комисија за мерката 501 од ИПАРД Програмата;
- Изготвувени се месечни извештаи за следење на напредокот на ИПА проектите на Министерството за финансии, во рамки на Националната програма ТАИБ 2009, ТАИБ 2010 и ТАИБ 2011;
- Подготвено е тендерско досие и склучен е договорот за Проектот за понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ во областа слободно движење на капитал и финансиски услуги - пазар на хартии од вредност и инвестициски услуги, во рамки на ИПА 2010;

Во областа на имотно правните работи реализирани се активности за:Спроведување на Проектот „Откуп на дворно место 1 $м^2$ = 1 евро“, преку постапките за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост; како и Спроведување на проектот „Посета на компании“ кои имаат проблем во постапката за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и за остварените средби со физички и правни лица за проблеми од имотно-правен карактер;

Меѓу другото Министерството за финансии во анализираниот период до Владата на Република Македонија има доставено информации, извештаи и други материјали (месечни/квартални/годишни) од специфични области по заклучоци на Владата на Република Македонија и на иницијатива на Министерството.

## 1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2016 ГОДИНА

***Министерството за финансии во овој период работеше на подготовката и донесувањето на следниве закони и подзаконски акти:***

Во 2016 година Министерството за финансии во рамките на своите надлежности продолжи со реализација на активности и мерки во функција на одржување на стабилна макроекономска и фискална позиција на државата, во услови на непредвидливи внатрешни и надворешни услови и окружување. Во овој контекс во рамките на фискалната политика постигнато е одржливо ниво на буџетски дефицит (3,5% од БДП) и умерено ниво на јавен долг.

Поаѓајќи од законски утврдените надлежности и организационата поставеност на министерството, подготвени се повеќе закони и подзаконски акти во функција на реализација на поставените цели и надлежности на министерството.

1.Во областа на **јавните финансии** донесен е Буџетот на Република Македонија за 2017 година и Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија многу порано од утврдениот законски рок, а во текот на годината се донесоа и Измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2016 година и Завршна сметка на Буџетот на Р.М. за 2015 година и Законот за буџети.

Објавен е јавен повик за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во периодот од 1ви февруари до 31ви декември 2016 година и донесен е Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на барањето за субвенциониран станбен кредит, потребнии документи кои се поднесуваат заедно со барањето и Образец за потврда на исполнетост на условите.

2. Во областа на **финансискиот систем** донесени се повеќе измени на законски решенија во функција на натамошно зајакнување на финансискиот систем и системот на осигурување и тоа: Закон за изменување и дополнување на Законот за лизинг; Закон за финансиски друштва, Закон за кредитно биро, Закон за брз трансфер на пари, Закон за НБРМ, Закон за Централен регистар, Закон за Фондот за осигурување на депозити, Закон за девизно работење, Закон за заштита на потрошувачи при договори за потрошувачки кредити; Закон за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА), Закон за ревизија, Законот за државната ревизија, Законот за вршење на сметководствените работи; Закон за хартии од вредност, Закон за инвестициски фондови, Закон за преземање на акционерските друштва; Законот за супервизија на осигурување, Закон за игрите на среќа и за забавните игри, Закон за банки. Со определени подзаконски акти доуредени се определени прашања сврзани со основање на финансиски друштва, финансиски лизинг, игри на среќа, за издавање на лиценца за производители на интернет игри на среќа, како Анализа за висината на каматните стапки во Република Македонија во однос на дел од земјите членки на ЕУ и земји од регионот;

3. Во областа на **меѓународните финансиски односи и управувањето со јавниот долг** обезбедени се средства за продолжување на започнатите продуктивни инфраструктурни проекти во функција на повисок економски раст и тоа: Закон за задолжување на Република Македонија со втор дел од заем кај Европската ивестициона банка по финансискиот договор за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X на делницата Демир Капија-Смоквица, Предлог на Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Кредитната банка за обнова ("KFW") по Договорот за кредит за Проектот за наводнување на јужниот регион на Вардар.

Донесена е Одлука за максимален износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал - еврообврзница на Република Македонија и Одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност во 2017 година и подготвен е Придонесот кон напредокот за НПАА за 2016 како и НПАА за 2017 година.

4.Во областа на **даночната и царинската политика** донесени се повеќе закони во функција на зајакнување на даночниот и царинскиот систем и негово натамошно усогласување со законодавството на ЕУ и тоа: Царинскиот закон; Закон за комуналните такси; Закон за персоналниот данок на доход; Закон за даноците на имот; Закон за даночна постапка; Закон за вршење на работи за застапување во царинските постапки, Закон за данокот на додадена вредност; Закон за административните такси; Закон за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост, Закон за акцизите, Закон за Царинската управа, Закон за данокот за добивка и Закон за регистрирање на готовински плаќања.
Истовремено со повеќе подзаконски акти се доуредени определени прашања во оваа област сврзани со: враќање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште или подружница во земјата, враќање на данокот на додадена вредност на непрофитните организации, враќање на данокот на додадена вредност на странско дипломатско или конзуларно претставништво, враќање на данокот на додадена вредност на меѓународни организации, содржината на пријавата, начинот на пријавување на прометот, содржината на евиденцијата на фактури која ја води надлежен даночен орган, формата и содржината на барањето за паушално плаќање на персонален данок на доход, формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за намалување на пресметаниот данок на добивка по основ на воведување и користење фискален систем на опрема, односно фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување, спроведување на законот за акцизите, формата, содржината, начинот на издавање и на одземање на службената легитимација на даночните инспектори, даночните контролори и даночните извршители, определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данок на додадена вредност, барањето за враќање на повеќе или погрешно наплатен данок, за формата и соджината на образецот на барањето за продолжување на доспеаноста на плаќањето на данок кога постојат сериозни сомневања, формата и соджината на образецот на барањето за одлагање на плаќање на даночен долг и др.

5.Во областа на регулирање на **имотно правните односи** донесени се: Измени и дополнувања на Законот за експропријација, Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост; Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, Закон за користење и располагање на стварите во државна и општинска сопственост и др.

***Министерството за финансии исто така ги подготви и следните материјали, документи, информации и извештаи:***

Освен бројните законски и подзаконски акти подготвени се и повеќе стратешки документи и тоа: Фискална стратегија на Република Македонија за 2017-2019 година, Програма за економски реформи (ПЕР) 2017-2019, Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2015, Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република

Македонија за 2015 дина, Стратешки план на Министерството за финансии за 2017-2019 и др;
Во областа на јавните финансии подготвени се повеќе документи во функција на зацртаните цели и активности и тоа: подготвен е Буџетски циркулар за 2017 година до буџетските корисници и Информација за остварени резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2015 година, Предлог иницијативи од Министерството за финансии за Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2017 година, Извештај за следење на степенот на реализација на Итни реформски приоритети во надлежност на Министерство за финансии.
Во тек е изработка на Секторски плански документ за ПФМ, а паралелно во тек е и финализирање на Програмата за реформи во управувањето со јавни финансии како услов за добивање на ИПА 2.
Во текот на годината се имплементираше новиот модул „е-обврски“ во рамки на постојниот Трезорски информационен систем за пријавување на преземените обврски од страна на буџетските корисници, кој освен постојните опции е надграден и со Барање за регистрација на порталот е-обврски за увид во уплатни сметки.
Во овој период продолжи со реализацијата на проектот ”Strengthening the medium –term budgeting for effective public financial management” во функција на унапредување на квалитетот на јавните финансии во рамките на кој се подготвија првите нацрт Прирачници за програмска класификација и среднорочна буџетска рамка.
Истовремено започна со реализација проектот Развој на предлози за имплементација на современ интегриран информациски систем за управување со јавните финансии, финансиран во рамки на ИПА 2011.
Во текот на годината подготвена е Анализа на статусот на реализација на мерките за подобрување на деловната клима согласно препораките на извештајот „Doing Business 2016“, како и активности за продолжување на проектите „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“.

Во областа на финансискиот систем превземени се повеќе активности и донесени се повеќе документи: Анализа со предлог решение за изменување на Законот за кредитно биро каде ќе се создаде основ кредитно биро во Република Македонија да обезбедува услуги за изготвување кредитна оценка (кредит скор) за кредитобарателите, реализација на проектот “Финансиско образование за граѓаните”; реализација на Проектот Финансиска зона; анализа на потребата од измена на Законот за хартии од вредност заради унапредување на заштитата на малцинските акционери, реализација на проектот за понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ во областа слободно движење на капитал и финансиски услуги - пазар на хартии од вредност и инвестициски услуги, финансиран од ИПА 2010 и склучен е твининг договор за реализација на проектот Понатамошна хармонизација со ЕУ во областа на осигурување и зголемување на операциите на пазарот, финансиран во рамки на ИПА 2012;

Во областа на управувањето со Европските фондови подготвени се повеќе документи во функција на натамошно унапредувањето на односите со Европската Унија: Годишни изјави за гаранција за функционирање на системот на управување и контрола во рамки на децентрализираното спроведување на ИПА (ДИС) од страна на НАО до ЕК за ИПА Компонентите I, III,IV и V за 2015 година, Пакет документација до ЕК за барање за доделување право за индиректно управување со ИПАРД 2 помошта, подготвена е годишна изјава за гаранција за функционирање на системот на управување и контрола на Министерството за финансии во рамки на децентрализираното спроведување на ИПА (ДИС), Годишни изјави за гаранција за функционирање на системот на управување и контрола во рамки на децентрализираното спроведување на ИПА (ДИС) од страна на НАО до ЕК за ИПА Компонентите I, III,IV и V за 2015 година, Годишните извештаи за имплементација на Оперативната програма за регионален развој (ОПРР) и за Оперативната програма за развој на човечки ресурси (ОПРЧР) за 2015 година до Европска Комисија,

Прилагодување на постојниот систем за имплементација на новите регулативи за Инструментот за претпристапна помош (ИПА 2) за финансиската рамка 2014-2020, како и Прирачници за работа на ЦФЦД, НФ/МС и Оперативните структури согласно правилата утврдени со новите регулативи за ИПА2 се одобрени од страна на НАО.
Доставено е барање за доделување на правото за управување со буџетот за Годишната национална програма за 2015 година за акцијата бр. 2 – Програми на Заедницата на 01.06.2016 година; Подготвена е техничка спецификација и анализа на пазарот за набавка на опрема преку проектот Зајакнати капацитети за ефективно управување и ревизија на ЕУ фондови, финансиран во рамки на ИПА 2012 ; Избран е твининг партнер за реализација на проектот Зајакнување на капацитетите на националните органи за правилно и ефикасно управување и ревизија на ЕУ фондовите, како и во поглед на новата ЕУ регулатива за претстојната финансиска перспектива 2014 - 2020;
Во тек е проектот „Подобрување на функцијата обезбедување на квалитет и функциите за верификација на трошоците во Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД) во Министерството за финансии за програми финансирани во рамки на ИПА Компонентите I, III и IV“, со цел понатамошно јакнење на капацитетите на Секторот во делот на проверка на трошоците и одобрувањето на тендерските документи;
Покрај проектите наменети за зајакнување на капацитетите на структурите за децентрализирано управување со ИПА, Министерство за финансии управува децентрализирано со портфолио на проекти ИПА Компонентите I, III и IV. Во моментот во рамките на овие програми се финансираат околу 350 проекти со вкупна вредност од околу 480 милиони евра, од коишто 277 милиони евра се обезбедени од Инструментот за пред-пристапна помош (ИПА). Проектите коишто се финансираат преку ИПА се во различни области, и тоа активности за поддршка на државните институции, изградба на патна и железничка инфраструктура, изградба на пречистителни станици и канализациони мрежи, и проектни активности поврзани со секторите вработување, образование и социјална инклузија.

Во областа на внатрешната финансиска контрола продолжија активностите за спроведување на децентрализираниот процес на јавна внатрешна финансиска контрола и се подготвија Годишен извештај за функционирањето на системот за јавна внатрешна финансиска контрола за 2015 година; Насоки за начинот на спроведување на процесот на управување со ризиците и Упатство за начинот на изготвување на Стратегијата за управување со ризици, како и пример на Стратегијата за управување со ризици за министерство, реализација на проектот „Обука за внатрешните ревизори во јавниот сектор“ со нова група од 35 кандидати за CIPFA меѓународен сертификат за внатрешен ревизор и Извештаи за спроведени внатрешни ревизии согласно Годишниот план за 2016 година;

Во областа на имотно правните односи продолжи со реализација Проектот „Откуп на дворно место 1 м$^2$ = 1 евро“, преку постапките за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост а за таа цел се реализира проектот „Посета на компании“ кои имаат проблем во постапката за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и се остварија средби со физички и правни лица за проблеми од имотно-правен карактер;

Меѓу другото Министерството за финансии во анализираниот период до Владата на Република Македонија има доставено информации, извештаи и други материјали (месечни/квартални/годишни) од специфични области по заклучоци на Владата на Република Македонија и на иницијатива на Министерството.

## 1.10. ПРОГРАМИ

***Во Министерството за финансии утврдени се следните програми:***

### *1.10.1. Администрација*

Во рамки на оваа програма генерално се опфатени активностите на кабинетот, секторот за правни работи, секторот за финансиски прашања и секторот за информатика, кои обезбедуваат институционална поддршка на министерството за непречено и нормално функционирање на институцијата. Дополнително вклучени се и активностите на јавната внатрешна финансиска контрола, финансиската инспекција во јавниот сектор, внатрешната ревизија, второстепената управна постапка, управните спорови и наплата на побарувањата.

Во рамки на програмата опфатени се :

-активности за работи непосредно поврзани со министерот, заменикот на министерот и државниот секретар, активности на финансискиот сектор, редовно сервисирање на обврските, организација и функционирање на информа циониот систем, како и планирање и следење на јавните набавки.

-координација и унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола преку неговите три компоненти: финансискиот менаџмент и контрола, внатрешната ревизија и нивната хармонизација, имплементација на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и утврдување правна рамка за јавна внатрешна финансиска контрола (PIFC), со цел одржување на долгорочен фискален интегритет на јавниот сектор во Република Македонија. Мисијата на ЈВФК е изградба на систем, усогласен со барањата на acquis, кој гарантира разумно користење на јавните средства со примена на принципите на децентрализирана одговорност на раководството и воспоставување функционално независна внатрешна ревизија. Истовремено опфатени се и активностите на финансиската инспекција во јавниот сектор и нејзиното спроведување, со цел заштита на финансиските интереси на субјектите од сериозно лошо финансиско управување, измами и корупција. Исто така се планира и спроведува внатрешна ревизија во Министерството за финансии и органот во состав на министерството без својство на правно лице, согласно законските прописи, меѓународните стандарди за внатрешна ревизија и интерните акти на Министерството за финансии.

-активности за наплата на побарувања пренесени во Министерството за финансии по законски основи, наплата на побарувања генерирани од Компензационите фондови и наплата на побарувања по основ на јавен долг.

### 1.10.2. <u>Макроекономска и фискална политика</u>

Оваа програма ги опфаќа активностите поврзани со креирање и дефинирање на макроекономска и фискална политика, системот за подготвување, извршување и финансирање на Буџетот на Република Македонија, управување со трезорскиот систем, меѓународни финансиски односи и управување со јавниот долг, даночната и царинска политика, средствата од прет-пристапната помош од ЕУ – ИПА и финансиско управување со истите

Во рамки на програмата:

- се креира и следи остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори, анализа на деловната клима и мерки за нејзино континуирано унапредување и се изработува Програмата за економски реформи;

-се креира фискалната политика и управувањето со јавните финансии, унапредување на буџетскиот процес, изработка на Фискалната стратегија за среднорочен период и

буџетски циркулар, подготвка на Предлог Буџетот на Република Македонија и Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија;

-извршување на буџетот, контрола во извршување на буџетот (на централно и локално ниво) на повеќе нивоа на класификации, следење и планирање на буџетската ликвидност, обезбедување на навремено и целосно следење и известување за извршувањето на буџетот и имплементирање на законските решенија кои директно се однесуваат на извршувањето на буџетот;

- соработка со меѓународни и билатерални финансиски институции за подготовка и реализација на проектите финансирани со странски заеми и донации и мерки и активности со цел ефикасно управување со јавниот долг на Република Македонија;

-се креира даночната и царинската политика преку изготвување на законски и подзаконски акти од областа на персоналниот данок на доход, данокот на добивка, данокот на додадена вредност, акцизите, даноците на имот, комуналните и административните такси, регистрирањето на готовинските плаќања и даночните постапки, обединување и координирање на работите од областа на царинската политика, систем и постапки, како и подготовка на нацрти договори за одбегнување на двојното оданочување;

--се обезбедува ефикасно користење на средствата од ЕУ предпристапната помош на Република Македонија што ќе и овозможи на земјата поддршка при исполнувањето на критериумите за пристапување на патот кон полноправно членство во ЕУ. Главната цел е да обезбеди соодветна, ефективна и ефикасна имплементација на проекти финансирани од ИПА, истовремено почитувајќи ги принципите на стабилно финансиско управување и примена на соодветни контроли. ЦФЦД како централно тело за склучување на договори за ИПА Компонентите I, III и IV е одговорно за спроведувањето на тендерските постапки, склучувањето на договори, следење и исплата на проектите финансирани од ЕУ- ИПА во рамките на децентрализираниот систем за управување во Република Македонија; Истовремено се вршат работи што се однесуваат на сигурно финансиско управување со претпристапните фондови на Европската унија за Република Македонија (ИПА), отворање и управување со банкарските сметки за ИПА 1 и ИПА 2, барање на средства од Европската комисија, одобрување трансфер на средства добиени од Европската комисија до оперативната структура, трансфер на средства до соодветните директорати на ЕК за плаќање на влезни билети за учество во Програмите и Агенциите на унијата, финансиско известување до Европската комисија, работи непосредно поврзани со Националниот координатор за авторизација (НАО) во однос на законитоста и регуларноста на извршените трансакции пред Европската унија, обезбедување ефективно функционирање на системите за внатрешна контрола на ИПА, обезбедување на ефикасен систем за превенција, идентификување и спречување на нерегуларности, измами и конфликт на интереси и воспоставување на мерки за спречување на измама, земајќи ги предвид идентификуваните ризици.

.

### 1.10.3. Финансиски систем

Во рамките на оваа програма се извршуваат активности сврзани со : подготовка на регулатива од областа на финансиските институции - банки и небанкарски финансиски институции, осигурителни друштва, финансиски друштва и лизинг друштва и се следат и анализираат меѓународните стандарди и најдобрите практики во врска со основањето, работењето и контролата на финансиските институции.

Во рамките на оваа програма

-Се издаваат дозволи за работа на друштвата за финансиски лизинг и на финансиски друштва и дозволи за членови на органи на управување на овие друштва,

-Се следат состојбите и предлагаат системски мерки и решенија во областа на пазарот на капитал и хартиите од вредност и уредување на системот на девизно работење со акцент на реализација на обврските преземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и НПАА;

-Се следат најдобрите практики и европските директиви за платните системи и предлагање мерки и законски решенија од областа на системот на платниот промет со цел непречено и ефикасно одвивање на финансиските текови во државата и со странство;

-Уредување на системот на сметководство и сметководственото работење на субјектите (трговски друштва, буџети и буџетски корисници и непрофитни организации) и системот на државна и комерцијална ревизија и објавување на меѓународните стандарди за финансиско известување;

-Уредување на системот на игри на среќа преку подготовка на законски и подзаконски акти од областа на игрите на среќа и се лиценцираат приредувачите на игри на среќа;

-Преговарање и парафирање на договори за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и трети земји, согласно со приоритетите на Владата на Република Македонија и други работи во врска со финансискиот систем.

### 1.10.4. Имотно-правни работи

Основна цел на оваа Програма е: да ги согледува и уредува имотно-правните односи со предлагање на законски прописи и подзаконски акти, кога една од страните е државата (експропријација, приватизација на градежно земјиште), да биде советодавен орган на Владата на Република Македонија кога се во прашање сопственичките и другите имотно - правни односи, а се предмет на интерес на Владата и другите државни органи и меѓу Владата и единиците на локалната самоуправа како и да управува со електронскиот систем за јавно наддавање за продажба и давање во закуп на недвижни и движни ствари кои не ги користат државните органи.

Имено, со оваа Програма непосредно се извршуваат законите и се следи реализацијата на законите од областа на имотно-правните односи, и тоа Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост согласно кој се реализира проектот „Откуп на дворно место место 1 м$^2$ = 1 евро“, Законот за експропријација согласно кој се овозможува реализација на голем број на проекти за изградба на објекти и изведување работи од значење за Република Македонија и од локално значење и Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, според кој се врши продажба и давање во закуп на недвижни и движни ствари кои не ги користат државните органи.

## ПОСТАПКИ ЗА СОРАБОТКА

Во остварувањето на своите активности и извршувањето на задачите Министерството за финансии соработува со: Народната банка на Република Македонија, Македонската банка за поддршка на развојот; мултилатерални и билатерални финансиски и други институции и организации (ММФ, Светската банка, Банката за развој при Советот на Европа, GTZ и KfW, USAID, Шведска – SIDA, Јапонија – JICA, Европската банка за обнова и развој, агенции на ООН (UNDP, FAO и други), Европската инвестициона банка, Европската комисија, Делегацијата на Европската Комисија и други меѓународни субјекти и синдикати, како и корисниците и единките корисници на средства од Буџетот; единиците на локалната самоуправа; Генералниот секретаријат при Владата на Република Македонија; Секторот за евроинтеграции при Владата на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Државен завод за ревизија, Државен завод за статистика, Сојуз на стопански комори на Македонија; Македонската берза; Централниот депозитар на хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Фондот за осигурување на депозити, Централниот регистар, Националното биро за осигурување, Државниот завод за геодетски работи, институции од науката; јавните обвинителства; судовите; Комисијата за спречување на корупцијата; бизнис секторот (одделни деловни субјекти, компании, економски здруженија и сл.).

## 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

## АДМИНИСТРАЦИЈА

**2.1. А: Оправданост и дизајн на Програмата**

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата Администрација произлегува од:<br>**1. Стратешките приоритети на Владата на Република Македонија содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2017 година :** -; бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото. |
| **2. НПАА**<br>Поглавје: 1 Политички критериуми ( Јавна Администрација)<br>Поглавје:32 Финансиска контрола |
| **3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:** Административна и информатичка поддршка на Министерството за непречено функционирање, редовно сервисирање на обврските, подобрување на системот за управување со квалитет, зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола и спроведување на внатрешна ревизија во Министерството и зајакнување на контролата во трошењето на јавните средства од страна на субјектите од јавниот сектор и корисници на јавни средства или гаранции, преку спроведување на финансиска инспекција и зајакнување на финансиската дисциплина, како и следење на реализација на наплатата на побарувања. |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Администрација | **Цел на Програмата:** Непречено функционирање на Министерството, редовно сервисирање на обврските, подобрување на системот за управување со квалитет, зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола и спроведување на внатрешна ревизија во Министерството и финансиска и инспекција во јавниот сектор, како и следење на реализација на наплатата на побарувања. |
| **Показатели за успех на Програмата:** Зајакнување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола, извршени ревизии согласно годишните планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии, спроведени надзори над трошењето на јавните средства, остварени приходи во Буџетот на Република Македонија и на посебните сметки од Компензациските фондови, реализација на Планот за јавни набавки и на системот за управување со квалитет, редовно сервисирање на обврските и изработка на предлог буџетот на Министерството, како и редовно одржување на ИКТ инфраструктура. | |

| | | |
|---|---|---|
| **Програмата е:** | **x** хоризонтална | вертикална |
| **Потпрограми (компоненти) од Програмата :** Администрација | | |

| | |
|---|---|
| **Потпрограма 10:** Администрација | **Показател за успешност:** спроведени ревизии, спроведени надзори, реализиран План за јавни набавки, изработен предлог буџет на Министерството. |

**МАКРОЕКОНОМСКА И ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА**

## 2.2. А: Оправданост и дизајн на Програмата

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата Макроекономска и фискална политика произлегува од:<br>**1. Стратешките приоритети на Владата на Република Македонија содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2017 година :** - зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот; интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО. |
| **2. НПАА**<br>Поглавје: 1 - Политички критериуми (Јавна администрација и Фискална децентрализација),<br>Поглавје 2- Економски критериуми,<br>Поглавје 3.16- Оданочување,<br>Поглавје: 3.17 – Економска и монетарна унија,<br>Поглавје 3.22 – Регионална политика и координација на структурни инструменти,<br>Поглавје 3.29- Царинска Унија и<br>Поглавје: 3.33 - Финансиски и буџетски одредби. |
| **3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:** Обезбедување на одржлив економски раст, зголемување на вработеноста и подобрување на животниот стандард, одржување на макроекономска стабилност и подобрување на бизнис климата, одговорно управување со јавните финансии и фискална политика во функција на етапна консолидација на јавните финансии и одржливо ниво на јавниот долг, спроведување на даночна и царинска политика во функција на поддршка на развојот на економските субјекти, спроведување на процесот на фискална децентрализација во рамките на целосно воспоставената законска рамка на локалната самоуправа, зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ , јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и ефикасно користење на претпристапните фондови на ЕУ. |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Макроекономска и фискална политика | **Цел на Програмата:** Реализирање на стабилно одржлива макроекономска и фискална политика во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст. Постигнувањето на оваа цел ќе значи зголемување на благосостојбата и подобрување на квалитетот на живеењето во Република Македонија. |
| **Показатели за успех на Програмата:** Остварување на повисоки стапки на раст на БДП (во 2017-3%, во 2018 -3,5% и во 2019-4,0%) спроведување на реформи во управувањето со јавните финансии и обезбедување на етапна консолидација на буџетскиот дефицит на среден (3,0 во 2017, 2,6% во 2018 и 2,2% во 2019 година) позасилена наплата на изворните приходи и други приливи, рационално и наменско користење на буџетските средства, одржување на ликвидноста на средствата (сметките на државата) и одржување на нивото на јавниот долг. | |

| | | |
|---|---|---|
| **Програмата е:** | **x** хоризонтална | вертикална |
| **Потпрограми (компоненти) на Програмата:** Макроекономска и фискална политика | | |
| **Потпрограма 20:** Макроекономска и фискална политика | **Показател за успешност:** Донесени се: среднорочно макроекономско сценарио, Програма за економски реформи, Фискалната стратегија со макроекономска проекција и проекција на јавен долг, Буџет на РМ, Завршна сметка на Буџет на РМ, Буџетски циркулар, Стратешки план, Извештаи за извршување на Буџетот на РМ, Програма за реформи управување со јавните финснии (ПФМ програма), Секторски плански документ, склучени се договори согласно Национална/Оперативна програма, донесени се закони за финансирање на тековни капитални проекти и закони за гаранција. | |

## ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ

**2.3. А: Оправданост и дизајн на Програмата**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** Програмата Финансиски систем произлегува од:<br>**1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за утврдување стратешки приоритети во 2017 година** – Зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот; интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО; | |
| **2. НПАА**<br>Поглавје 3: Права на основање и слобода на давање на услуги<br>Поглавје 4: Слободно движење на капитал<br>Поглавје 6: Право на трговски друштва<br>Поглавје: 9 финансиски услуги<br>Поглавје 30: Надворешни односи | |
| **3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:** *Постигнување на повисок степен на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ, Пазарно ориентиран, стабилен и конкурентен финансиски сектор.* | |
| **Назив на Програмата:** Финансиски систем | **Цел на Програмата:** Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на банкарскиот систем и небанкарските институции, пазарот на капитал, системот на осигурување и сметководствениот систем, ревизијата, платниот промет и игрите на среќа со законодавството на ЕУ, усогласување и парафирање на договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу РМ и трети земји, согласно со приоритетите на Владата на РМ и создавање услови за ефикасно функционирање на финансиското работење. |
| **Показатели за успех на Програмата:** Обезбедување на ефикасно функционирање на финансискиот систем | |
| **Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) **X** хоризонтална вертикална | |
| **Потпрограми (компоненти) од Програмата :** Финансиски систем | |
| **Потпрограма 40** Финансиски систем | **Показател за успешност:** Донесени закони и подзаконски акти кои произлегуваат од областа на финансискиот систем и број на договори за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и останатите држави. |

**ИМОТНО ПРАВНИ РАБОТИ**

| 2.4 | А: Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|---|

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата Имотно правни работи произлегува од:<br>**1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2017 година** - Зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот. |
| **2.НПАА**<br>Поглавје: 2 Економски критериуми |
| **3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:** *Обезбедување на одржлив економски раст, зголемување на вработеноста и подобрување на животниот стандард* |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Имотно правни работи | **Цел на Програмата:** Забрзана динамика на процесот на приватизација на градежното земјиште во државна сопственост и на постапките на експропријација, како и имплементација на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и управување со системот за електронско јавно наддавање |
| **Показатели за успех на Програмата:** Зголемен број на завршени постапки | |

| | | |
|---|---|---|
| **Програмата е:** | **x** хоризонтална | вертикална |
| | | |
| **Потпрограми (компоненти) од Програмата :** Имотно правни работи | | |
| **Потпрограма 70:** Управа за имотно правни работи | **Показател за успешност:** Зголемен број на завршени предмети | |
| **Потпрограма 71:** Подрачни единици | **Показател за успешност:** Завршени предмети за приватизација и постапки за експропријациа | |

## 3. Влијанија врз човечките ресурси

| ПРОГРАМА | Резиме на потреба од нови вработувања | Резиме на потреба од прераспределба на вработените | Резиме на потреба од обуки |
|---|---|---|---|
| ***3.1. Администрација*** | Потребни се нови вработувања (3 во 2017, 6 во 2018 и 6 во 2019 година)<br>Финансирање: за 3 лица за една година потребни се средства во висина од 1.125.000 денари. | | Континуирана обука на вработените – инспектори од секторот за областа на јавните финансии, антикорупциска политика, управни постапки и финансиска контрола |
| ***3.2. Макроекономска и фискална политика*** | Потребни се нови вработувања (6 во 2017, 8 во 2018 и 9 во 2019).<br>Финансирање: за 6 лица за една година потребни се средства во висина од 2.250.000 денари. | | Обука за нововработените и за постојните согласно Годишната програма за обуки.<br>Потребата од обуки на ЦФЦД континуирано се следи во ИПА Центарот за обуки (надлежен за координација за сите обуки за ИПА во состав на Секретаријатот за европски прашања). Вработените на ЦФЦД го следат и постапуваат согласно Планот за обуки при ИПА Центарот за обуки, контунирани обуки од областа на стратешкото планирање. |
| ***3.3 Финансиски систем*** | Потребни се нови вработувања во 1 во 2017 година и 1 во 2018 година. Финансирање: за 1 лице за една година потребни се средства во висина од 375.000 денари. | | Потребна е обука за нововработените и за постојните вработени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***3.4 <u>Имотно правни работи</u>*** | Потребни се нови вработувања (11 во 2017, 10 во 2018 и 10 во 2019 година).<br>Финансирање: за 11 лица за една година потребни се средства во висина од 4.125.000 денари. | | Потребна е обука за нововработените и за постојните вработени, и тоа обуки за примена на Законот за општата управна постапка, обуки од областа на канцелариското и архивското работење, како и специјализирани обуки за спроведување на постапки за експропријација и приватизација на градежно земјиште во државна сопственост. |

**4. Принципи на правична застапеност**

| **2017**<br>**очекувано влијание** | **2018**<br>**очекувано влијание** | **2019**<br>**очекувано влијание** |
|---|---|---|
| При новите вработувања ќе се применува принципот на правична застапеност на заедниците | При новите вработувања ќе се применува принципот на правична застапеност на заедниците | При новите вработувања ќе се применува принципот на правична застапеност на заедниците |

## 5. Развивање на заедничките функции

| 2017<br>планирани мерки | 2018<br>планирани мерки | 2019<br>планирани мерки |
|---|---|---|

Заедничките функции се континуирани процеси кои се однесуваат на целото министерство и се одвиваат согласно утврдените методологии, процедури и временски интервали во текот на целиот тригодишен период.

**Развивање политики**

Министерство за финансии е насочено кон развивање на политики и процедури за успешно креирање на макроекономската политика управување со јавните финансии и политиката на јавниот долг, насочени кон повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните.

**Стратешко планирање/ подготвување на Буџетот**

Предлагање на приоритетни цели што треба да бидат содржани во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија.
Организирање и координација на процесот за подготовка на Стратешкиот план, негово поврзување со буџетските средства и обезбедување на усогласеност на планот со организациските единици.
Следење на реализацијата на мерките и активностите содржани во Стратешкиот план.
Објавување на Стратешкиот план на Web страницата на Министерството за финансии.
Подготовка на Информација за остварените резултати во функција на реализација на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија.

**Извршување на Буџетот и управување со средства**

Подготвување на буџетско барање на министерството.
Следење на извршувањето на буџетот на министерството.
Подготовка на годишен финансиски план и месечни и квартални финансиски планови за трошење на буџетските средства.
Координација на процесот на подготовка, измена и дополнувања на буџетот на министерството.
Следење на интерни процедури за работа во насока на јакнење на одговорноста за успешно планирање и остварување на задачите и правилно евидентирање на финансиските трансакции.
Финансиско управување и континуиран мониторинг на средствата.
Одобрување на исплатите на средствата од буџетот на министерството преку систем на контрола на повеќе нивоа.
Подготвување на Годишен финансиски извештај, согласно одредбите за воспоставување и развој на финансиско управување и контрола.
Подготовка на интерни акти, правилници, упатства, оперативни инструкции за процесите од надлежност на министерството кои претходно не се опфатени или за кои постои потреба од годишно ревидирање.
Учество на вработените во соодветни обуки надлежност на министесртвото**.**
Подготовка и спроведување на Годишни планови за јавни набавки согласно со одобрените годишни буџети

**Управување со човечки ресурси**

| |
|---|
| Подготовка и следење на реализација на Годишната програма за обука на државните службеници во Министерството за финансии.<br>Подготовка и доставување на полугодишни извештаи за спроведени специјализирани обуки за државните службеници до Министерство за информатичко општество и администрација.<br>Координирање на процесот на оценување на државните службеници преку одржување на консултации и давање на инструкции на оценувачите во функција на законито и транспарентно спроведување на постапката за оценување и соодветно известување за спроведеното оценување до Министерство за информатичко општество и администрација.<br>Постапување по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и подготовка на Годишен извештај.<br>Изготвување на мислења по законите, колективните договори, подзаконските акти и други прописи.<br>Спроведување на постапки за вработување во Министерството за финансии.<br>Давање на совети на комисии и други работни тела од областа на трудово-правните односи и други правни работи.<br>Изготвување на општите и поединечните акти за правата, обврските и одговорностите на вработените. |

**Управување со информациски технологии**

| |
|---|
| Воспоставување и одржување на безбедносни процедури.<br>Одржување и безбедност на информатичката опрема и апликациите.<br>Обука за вработените.<br>Континуирана надградба на информатичката инфраструктура и стручна и логистичка поддршка за вработените во министерството. |

**Внатрешна ревизија**

| |
|---|
| Во Министерството за финансии, согласно организациската поставеност на работите и работните задачи, се спроведува внатрешна ревизија од страна на  Секторот за внатрешна ревизија. |